РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1107-8692/2025 од 21.11.2025 12:56:36

1107-8692/2025

Врз основа на член 161 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија", бр. 55/13, 41/2014, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/19 и 155/24), Агенцијата за катастар на недвижности, Центар за катастар на недвижности Скопје по барање на по службена должност од податоците во катастарот на недвижности го издава следното

# УВЕРЕНИЕ

## ЗА ИСТОРИСКИ ПРЕГЛЕД НА ИЗВРШЕНИТЕ ЗАПИШУВАЊА
## за КП број 6/4 КО МАЏАРИ

Со излагањето на јавен увид на податоците од премерот извршен во 1929/31 година за КО Скопје (на начин и постапка регулирани со Закон), КП 12992 нива 3-та класа со површина од 8131м2 била евидентирана во ПЛ 3056 на Идризовиќ Акифа вд.Зекија.
Во 1948 година во постапка на Ревизијата со која е вршено усогласување на состојбата на податоците од катастарската евиденција, со фактичката состојба на теренот (согласно Одлука на Владата на ФНРЈ бр.591/48 и Сл.лист бр.8/48), ПЛ 3056 се евидентира на Идриз Акиф Зекија род. Јаја на 1/8 ид.дел и Идриз Хајдар на 7/8 ид.дел.
Во 1954 година врз основа на акт за експропријација бр. 4421/22.07.1953 година, КП 12992 нива 3-та класа со површина од 8131м2 е евидентирана во ПЛ 10430 на ФНРЈ за потребите на Железара.
Во 1966 година врз основа список пријава , КП 12992 земјиште под објект со површина од 445м2 и двор со површина од 7686м2 се евидентира во ПЛ 10430 на Рудници и железарница Скопје.
Во 1977 година врз основа на Решение Уп. бр. 12-4823/68 и Решение У. бр. 12-4822/68 од Собрание на Општина Кале, КП 12992 неплодно земј.со површина од 7686м2 и земјиште под објект со површина од 445м2 е евидентирана во ПЛ 8464 на Општинароден имот Собрание на град Скопје.
Во 1991 година согласно член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште (Сл. весник на РМ бр. 21/91) , ПЛ 8464 ( цел посед) се евидентира на Република Македонија.
Во 2005 година престанува да се применува катастарот на земјиште за дел од КО Скопје , установен согласно Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, а во примена стапува катастар на недвижности за КО Г. Баба, установен согласно Законот за премер и запишување на правата на недвижностите КП 12992 неплодно земј. со 727м2 и земјиште под објект со 296м2 останува евидентирана во ПЛ 8464 на досегашен во КО Скопје , додека дел преминува во КО Г.Баба.
Во 2010 година престанува да се применува катастарот на земјиште за дел од КО Скопје, установен согласно Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, а во примена стапува катастар на недвижности за КО Маџари, установен согласно Законот за премер и запишување на правата на недвижностите.
При устројување на катастарот на недвижностите извршена е нова нумерација за катастарските парцели, при што дел од КП 12992 ,КП 12989 КО Скопје настаната е КП 6/4 за КО Маџари.
Во 2025 година врз основа на Решение У .бр. 30-14/25 од 10.03.2025 година од Мин. за финансии ПЕ Г .Баба , Геодетски елаборат бр.08-0801-53/3/25г. од Гео поинт дооел, Потврда Уп. бр. 1113-4203/2025 година од овој Сектор , од КП 6/1 (запишана во ИЛ 67171

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1107-8692/2025 од 21.11.2025 12:56:36

1107-8692/2025

на Р.Македонија ) се оформува КП 6/4 градежно неизградено земј. со 1605м2 и се запишува во ИЛ 74970 на Република С. Македонија со право на сопственост.

Заклучно со 21.11.2025 година други промени нема.

Овластено лице

М.П.

Јагода Вапска